МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

МЦМС

# СПОРЕДБА НА АНКЕТИТЕ СО ИЗБОРНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Скопје, 7 јуни 2011 г.

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС

**Автор**
Александар Кржаловски

ISBN 978-608-4617-32-7

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

**Изјава за деловна соработка**
МЦМС има деловна соработка со дел од агенциите/организациите кои се предмет на анализа во овој извештај.
МЦМС е партнер со ИДСЦС во проектот Мојот избор 2011, како и во објавениот предизборен рејтинг.
МЦМС во 2010 година имал соработка и со ИСППИ и Рејтинг.

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ВМРО-НП | ВМРО - Народна партија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЛДП | Либерал демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| | |
| Брима | Брима Галуп |
| Д.Чуповски | Институт Димитрија Чуповски |
| ИДСЦС | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје |
| ИПИС | Институт за политички истражувања – Скопје |
| ИСППИ | Институт за социолошки и политичко правни истражувања |
| Либерта | Либерта институт |
| П. Шатев | Институт Павел Шатев |
| Прогрес | Институт Прогрес |
| Рејтинг | Агенција Рејтинг |
| | |
| ДИК | Државна изборна комисија |

## ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамките на своите активности за следење на вонредните парламентарни избори, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето, ги следеше и објавите на разните агенции за рејтингот на политичките партии. Во функција на транспарентно информирање на јавноста, МЦМС на 30 мај 2011 година објави преглед на прогнозите на секоја од деветте агенциите за мерење на рејтингот на политичките партии, кои објавија свои анализи пред изборите (видете на: http://www.mojotizbor.mk/informacii/rejtinzi/analizi-rejtinzi/89-analizi/rejtinzi/461-rejtinzi-na-politickite-partii.html.

Прегледот беше направен врз основа на комплетни информации од самите агенции доставени до МЦМС (Брима, ИДСЦС, ИПИС и Либерта), од објавените анкети на нивните веб-страници (Прогрес, Рејтинг) и од објавите во медиумите (ИСППИ, Павел Шатев, Димитрија Чуповски).

**Табела 1: Преглед на агенциите и нивните веб-страници**

| Агенција | Веб-страница |
|---|---|
| Брима | www.brima.com.mk |
| ИДСЦС | www.idscs.org.mk |
| Д.Чуповски | - |
| ИСППИ | www.isppi.ukim.edu.mk |
| ИПИС | - |
| Либерта | www.libertainstitute.org |
| Павел Шатев | - |
| Прогрес | www.progres.org.mk |
| Рејтинг | www.rating-мк.com |

Во времето на објавувањето на прегледот, се уште не беше објавена последната анализа на Брима, но таа е сега вклучена во овој извештај, како замена за објавените податоци за прогнозите на Брима од нивната анкета во февруари.

Во овој извештај, се прави споредба на објавените прогнози со остварените резултати на изборите, согласно информацијата на Државната изборна комисија од 6 јуни 2011 година, за првични официјални резултати.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Во табелата подолу е даден преглед на применетата методологија од секоја од агенциите при спроведувањето на анкетите.

**Табела 2: Преглед на методологиите** (редоследот е според датумот на анкетирањето)

| Агенција | Тип | Примерок | Стат. грешка | Период | Објава |
|---|---|---|---|---|---|
| **Д.Чуповски** | Телефонска | 1.550 | - | 27-29.5.2011 | 30.5.2011 г. |
| **ИДСЦС** | Телефонска | 1.111 | 3 % | 26-28.5.2011 | 30.5.2011 г. |
| **Прогрес** | Телефонска | 1.116 | - | 26-28.5.2011 | 29.5.2011 г. |
| **ИПИС** | Телефонска | 1.111 | 3 % | 26-28.5.2011 | 29.5.2011 г. |
| **Рејтинг** | Телефонска | 1.560 | 2,1 % | 20-24.5.2011 | 27.5.2011 г. |
| **Либерта** | Телефонска | 1.603 | 2,5% | 20-23.5.2011 | 26.5.2011 г. |
| **Павел Шатев** | Телефонска | 1.000 | - | 19-23.5.2011 | 26.5.2011 г. |
| **Брима** | Теренска | 1.160 | 2,88 % | 22.4-2.5.2011 | 30.5.2011 г. |
| **ИСППИ** | Теренска | 1.602 | - | 6-11.4.2011 | 18.4.2011 г. |

Значи, поголемиот дел анкети се телефонски и правени во последните недела или две пред изборите, а две (Брима и ИСППИ) се теренски и правени пред почетокот на изборната кампања, на **еден, односно два месеци** пред изборниот ден, што треба да се има предвид при споредбата со другите агенции.

Остануваат и методолошките забелешки од претходниот пат, дека анкетите се со статистичка грешка од 2 до 3%, како и за претпоставката дека неопределените гласачи во време на анкетирањето, при гласањето ќе се распределат пропорционално како определените гласачи.

Методологијата за анализа во овој извештај, ги зема предвид најрелевантните делови од податоците објавени во претходниот преглед:

- рејтинзите само со земање предвид на определените испитаници;
- проценка за број на добиени мандати (пратеници во Собранието).

Во овој извештај не е правена споредба на одзивот, како ни на споредба на бројот на гласови (бидејќи и тој параметар е во зависност од предвидениот одзив).

Споредуван е рејтингот на партиите кога се земани предвид определените испитаници и остварените резултати на изборите (распределбата на гласовите од важечките ливчиња, како што е утврдено од ДИК и прикажано тука во прилог 1).

Во објавата од ДИК, со обработени податоци од сите 2.976 избирачки места на територијата на Република Македонија (без дијаспората) е констатирано гласање на 1.156.085 гласачи (63,48%) од кои за определување на изборниот резултат предвид се земени само важечките ливчиња, вкупно 1.124.032 или 61,72% од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список. Анализата во овој извештај е правена во однос на оваа бројка. Податоците за освоените гласови и соодветниот процент од вкупниот број важечки гласачки ливчиња за секоја од партиите/коалициите учесници на овие избори, се дадени во прилог на овој извештај.

Исто така, бидејќи повеќето агенции објавија и проценки за бројот на пратеници, дадена е и таа споредба за освоените мандати по примената на Донтовиот модел.

Со оглед на резултатите и добивање на пратенички мандати само за пет партии или коалиции, во анализата понатаму фокусот е на тие пет, односно четирите поголеми партии: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ (со своите коалиции), ДУИ и ДПА, додека сите останати се прикажани како Други.

# СПОРЕДБА НА РЕЈТИНЗИТЕ И РЕЗУЛТАТИТЕ

Како што е напомнато погоре, главната споредба е на објавените проценти од определените гласачи и постигнатите резултати, што е прикажано во табелата подолу.

Треба да се напомне дека не сите агенции ги прикажаа своите анкети на овој начин. За дел од нив, процентите се скалирани (до 100%) врз основа на нивните проценки за процент на освоени гласови од определените гласачи.

**Табела 3: Рејтинзи на партии (само од определените испитаници) во проценти**

| Агенција | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НД | ЛДП | НДП | ВМРО-НП | ОМ | Др. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Резултати (ДИК)** | **39,0** | **32,8** | **10,2** | **5,9** | **1,8** | **1,5** | **2,7** | **2,5** | **1,5** | **2,2** |
| **Д.Чуповски** | 45,5 | 22,0 | 14,5 | 6,6 | 2,4 | 3,9 | 3,0 | - | - | - |
| **ИДСЦС** | 36,7 | 28,5 | 13,0 | 7,4 | 1,9 | 1,5 | 3,4 | 2,1 | 2,5 | 3,0 |
| **Прогрес** | 29,1 | 34,0 | 12,3 | 7,9 | 3,6 | 0,1 | 4,6 | 2,4 | 4,3 | 1,6 |
| **ИПИС** | 40,0 | 27,3 | 11,3 | 6,4 | 2,5 | 2,7 | 3,5 | 3,0 | 2,7 | 0,7 |
| **Рејтинг** | 34,4 | 25,1 | 11,3 | 6,9 | 3,3 | 3,2 | 4,2 | 4,5 | 3,6 | 3,6 |
| **П. Шатев** | 43,0 | 25,2 | 12,0 | 5,8 | 2,5 | 2,5 | 3,8 | 1,8 | 1,3 | 2,0 |
| **Либерта** | 29,0 | 27,3 | 11,9 | 11,6 | 2,8 | 2,1 | 4,5 | 4,0 | 4,2 | 2,7 |
| **Брима** | 33,3 | 29,5 | 10,5 | 6,7 | 2,9 | 2,9 | 3,8 | 4,3 | 4,8 | 1,3 |
| **ИСППИ** | 31,7 | 28,8 | 12,8 | 8,6 | 2,8 | - | 6,6 | - | - | 8,8 |

Во првиот ред се резултатите објавени од ДИК, односно процентот на освоени гласови за секоја од наведените партии. Во прилог 2 е дадена истата оваа табела со пресметани отстапувања на секоја од агенциите и за секоја партија, во однос на резултатите објавени од ДИК. Во продолжение е даден приказ на отстапувањата за најголемите четири партии и коалиции, за секоја од агенциите, како и пресметка на просечното отстапување (разликата меѓу прогнозираниот и остварениот резултат).

**Табела 4: Отстапувања на прогнозите на агенциите од резултатите во процентни поени** (редоследот е од најмалото кон најголемото просечно отстапување)

| Агенција | 1. ВМРО-ДПМНЕ | 2. СДСМ | 3. ДУИ | 4. ДПА | 5. Други | Просечно отстапување | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Резултати (ДИК)** | **39,0** | **32,8** | **10,2** | **5,9** | **12,1** | (1-5) | сите |
| **ИПИС** | 1,0 | -5,5 | 1,1 | 0,5 | 1,0 | **1,8** | **1,4** |
| **ИДСЦС** | -2,3 | -4,2 | 2,8 | 1,5 | 0,5 | **2,3** | **1,4** |
| **Брима** | -5,7 | -3,3 | 0,3 | 0,8 | 1,6 | **2,3** | **2,0** |
| **П. Шатев** | 4,0 | -7,6 | 1,7 | -0,1 | 0,7 | **2,8** | **1,7** |
| **Рејтинг** | -4,6 | -7,7 | 1,0 | 1,0 | 1,7 | **3,2** | **2,5** |
| **Прогрес** | -9,9 | 1,2 | 2,1 | 2,0 | 1,4 | **3,3** | **2,4** |
| **ИСППИ** | -7,2 | -4,0 | 2,6 | 2,7 | 2,8 | **3,9** | **3,3** |
| **Либерта** | -10,0 | -5,5 | 1,7 | 5,7 | 1,4 | **4,8** | **3,1** |
| **Д.Чуповски** | 6,5 | -10,8 | 4,2 | 0,7 | 1,9 | **4,8** | **3,4** |

Просечното отстапување „(1-5)“ е пресметано како збир од петте колони, поделено со 5, а „сите“ како збир на сите партии со податоци за рејтинг поделено со 10 (прилог 2).

Најголеми се отстапувањата во прогнозите за двете коалиции кај сите агенции (4 кај ВМРО-ДПМНЕ од 5,7 до 10%; а 5 кај СДСМ – од 4,2 до 10,8%). Најмали отстапувања во прогнозата на резултатот на поединечните партии имаат: ИПИС кај ВМРО-ДПМНЕ и Прогрес кај СДСМ. Најголеми пак се на: Либерта и Прогрес кај ВМРО-ДПМНЕ и на Д.Чуповски кај СДСМ.

За да се даде оценка на точноста на севкупната проценка, направена е пресметка на средна вредност на отстапувањата (со тоа што е земена апсолутна вредност на отстапувањето, односно сметана е вредноста на разликата без оглед дали е таа со знак минус – проценет помал резултат од постигнатиот, или со плус).

На овој начин, може да се констатира дека најмали просечни отстапувања, односно најблиску до постигнатите резултати, биле проценките на Институтот за политички истражувања (ИПИС) и Институтот за демократија (ИДСЦС). Најголеми се отстапувањата кај институтите Димитрија Чуповски (3,4) и Либерта (3,1).

Друг аспект на споредба може да биде и прогнозата на односот меѓу главните конкуренти на изборите ВМРО-ДПМНЕ наспроти СДСМ, односно ДУИ наспроти ДПА.

**Табела 5: Отстапувања на прогнозите на соодносите меѓу главните конкуренти во процентни поени**
(редоследот е од најмалото кон најголемото вкупно просечно отстапување)

| Агенција | ВМРО-ДПМНЕ спр. СДСМ | Отсапување О1 (В:С) | ДУИ спр. ДПА | Отсапување О2 (Д:Д) | Просечно отстапување |
|---|---|---|---|---|---|
| **Резултати (ДИК)** | **1,19** | | **1,74** | | (О1+О2)/2 |
| **ИДСЦС** | 1,28 | -0,10 | 1,77 | -0,03 | **0,06** |
| **Брима** | 1,13 | 0,06 | 1,57 | 0,17 | **0,11** |
| **Рејтинг** | 1,37 | -0,18 | 1,63 | 0,11 | **0,14** |
| **ИПИС** | 1,47 | -0,28 | 1,78 | -0,04 | **0,16** |
| **ИСППИ** | 1,10 | 0,09 | 1,49 | 0,24 | **0,17** |
| **Прогрес** | 0,86 | 0,33 | 1,57 | 0,17 | **0,25** |
| **Либерта** | 1,06 | 0,13 | 1,03 | 0,70 | **0,41** |
| **П. Шатев** | 1,71 | -0,52 | 2,06 | -0,33 | **0,42** |
| **Д.Чуповски** | 2,07 | -0,88 | 2,18 | -0,44 | **0,66** |

Тука, најдобра проценка за соодносот меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ имале во Брима, следени од ИСППИ и ИДСЦС, додека за ДУИ/ДПА најблиски прогнози имаат ИДСЦС, ИПИС и Рејтинг.

Најголеми отстапувања кај проценката на соодносите ВМРО-ДПМНЕ наспроти СДСМ имаат институтите Димитрија Чуповски, Павел Шатев и Прогрес, а кај ДУИ/ДПА: Либерта, Д.Чуповски и Павел Шатев.

Повторно, за да се согледа севкупната слика и на некој начин процени непристрасноста кон одредена партија, преку блискоста на овие проценки со реално остварените резултати, направена е средна вредност од двете проценки. Резултатот прикажан во последната колона на табелата погоре, укажува дека најдобра проценка за соодносот има Институтот за демократија (ИДСЦС) со отстапување од 0,06, следен од Брима (0,11) и Рејтинг (0,14), а блиску се и ИПИС (0,16) и ИСППИ (0,17).

На другата страна, со најдалечна проценка на соодносите е Институтот Димитрија Чуповски (0,66), потоа Павел Шатев (0,42), како и Институтот Либерта и Прогрес.

# ПРОЦЕНКА ЗА БРОЈ НА ПРАТЕНИЦИ

Неколку од агенциите излегоа и со свои проценки за бројот на освоени пратенички мандати на секоја од партиите. Сите тие имаат истакнато дека овие проценки треба да се земат со резерва, бидејќи примероците на испитаници се репрезентативни на национално ниво, но не и на ниво на изборни единици, па конечниот резултат може да варира и по неколку пратеника по партија.

Сепак, со оглед дека е тоа крајниот резултат на изборите, во продолжение е направена споредбата на прогнозите на агенциите со бројот на пратеници утврдени по Донтовиот модел, како што е веќе објавено од ДИК.

**Табела 6: Постигнат и проценет број на пратенички мандати**
(редоследот е од најмалото кон најголемото просечно отстапување)

| Агенција | 1. ВМРО-ДПМНЕ | 2. СДСМ | 3. ДУИ | 4. ДПА | 5. Други | Отстапу-вање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Резултат (ДИК) | **53** | **42** | **15** | **8** | **2** | (1-5) |
| **ИДСЦС** | 48 | 37 | 16 | 9 | 10 | **4,0** |
| **ИПИС** | 52 | 34 | 14 | 8 | 12 | **4,0** |
| **П.Шатев** | 55 | 30 | 15 | 7 | 13 | **5,2** |
| **Рејтинг** | 48 | 35 | 13 | 8 | 16 | **5,6** |
| **Д.Чуповски** | 58 | 29 | 15 | 7 | 11 | **5,6** |
| **Либерта** | 42 | 40 | 13 | 13 | 12 | **6,0** |
| **Брима** | 43 | 36 | 14 | 8 | 19 | **6,8** |
| **ИСППИ** | 45 | 41 | | | | |

Во табелата не се земени предвид пратениците избрани во дијаспората.

Исто така, во проценката на ИСППИ се идентификувани податоци само за коалициите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, па не е споредуван со другите. Институтот Прогрес не објави проценка за број на пратеници.

Во прилог 3 е дадена истава табела со проценките и за другите партии, како и за отстапувањата од остварениот резултат.

Во Република Македонија во примена е Донтовиот метод за пресметка на освоените пратенички мандати и дури 13 од мандатите што според освоените гласови на национално ниво би им припаднале на помалите партии, заради поделеност на гласовите во различни изборни единици се распределуваат на најголемите четири партии.

Со споредба на прогнозираните резултати и конечниот распоред на мандати во Собранието (според првичните официјални резултати од ДИК), најдобра проценка имале Институтот за демократија (ИДСЦС) и Институтот за политички истражувања (ИПИС), со просечно отстапување од по 4 пратеника по партија (кога предвид се земени четирите најголеми партии, а сите други се собрани заедно – како што е прикажано во табелата погоре). Доколку се направи истата постапка на одредување средна вредност на отстапувањето, но предвиде се земат сите 10 поединечни резултати на партиите за кои се објавувале податоци за рејтингот (видете прилог 3), тогаш просечното отстапување кај сите агенции е двојно помало (редоследот останува идентичен), односно ИДСЦС и ИПИС имаат просечно отстапување од по 2 пратеника по партија.

**ПРИЛОГ 1: Првични официјални резултати, објавени од ДИК на 6 јуни 2011 г.**
(редоследот е според бројот на освоени гласови)

| РБ | Партија | Гласови | % |
|---|---|---|---|
| **5** | ВМРО-ДПМНЕ | 438.135 | 38,98 |
| **10** | СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА (СДСМ) | 368.487 | 32,78 |
| **7** | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА – ДУИ | 115.095 | 10,24 |
| **8** | ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ – ДПА | 66.315 | 5,90 |
| **17** | НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ПРЕРОДБА – НДП | 29.966 | 2,67 |
| **6** | ВМРО – НАРОДНА ПАРТИЈА (ВМРО - НП) | 28.217 | 2,51 |
| **1** | ДЕМОКРАТИЈА Е РЕ – ПАРТИЈА ЗА НОВА ДЕМОКРАТИЈА | 19.958 | 1,78 |
| **18** | ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА – ОМ | 17.080 | 1,52 |
| **12** | ЛИБЕРАЛНО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – ЛДП | 16.551 | 1,47 |
| **9** | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО – ППД | 8.846 | 0,79 |
| **4** | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА НА АЛБАНЦИТЕ – ДУА | 4.517 | 0,40 |
| **2** | ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ НА МАКЕДОНИЈА – ПОДЕМ | 4.395 | 0,39 |
| **3** | СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА УНИЈА – СДУ | 2.270 | 0,20 |
| **13** | СОЦИЈАЛ - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА – СДПМ | 1.807 | 0,16 |
| **14** | ДЕМОКРАТСКА ДЕСНИЦА | 1.517 | 0,13 |
| **11** | НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА УНИЈА – НДУ | 469 | 0,04 |
| **16** | ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ – ПДП | 277 | 0,03 |
| **15** | ЕВРОПСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА | 130 | 0,01 |
| | **ВКУПНО** | **1.124.032** | **100** |

**ПРИЛОГ 2: Преглед на отстапувања на прогнозите на агенциите од резултатите во проценти** (редоследот е од најмалото кон најголемото просечно отстапување)

| Агенција | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НД | ЛДП | НДП | ВМРО -НП | ОМ | Др. | Прос. отстап. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Резултати (ДИК)** | **39,0** | **32,8** | **10,2** | **5,9** | **1,8** | **1,5** | **2,7** | **2,5** | **1,5** | **2,2** | |
| **ИДСЦС** | -2,3 | -4,2 | 2,8 | 1,5 | 0,1 | 0,0 | 0,7 | -0,4 | 0,9 | 0,9 | **1,4** |
| **ИПИС** | 1,0 | -5,5 | 1,1 | 0,5 | 0,7 | 1,2 | 0,9 | 0,5 | 1,1 | -1,4 | **1,4** |
| **П. Шатев** | 4,0 | -7,6 | 1,7 | -0,1 | 0,8 | 1,1 | 1,1 | -0,7 | -0,2 | -0,2 | **1,7** |
| **Брима** | -5,7 | -3,3 | 0,3 | 0,8 | 1,1 | 1,4 | 1,1 | 1,8 | 3,3 | -0,9 | **2,0** |
| **Прогрес** | -9,9 | 1,2 | 2,1 | 2,0 | 1,8 | -1,3 | 1,9 | -0,1 | 2,8 | -0,5 | **2,4** |
| **Рејтинг** | -4,6 | -7,7 | 1,0 | 1,0 | 1,5 | 1,7 | 1,5 | 2,0 | 2,1 | 1,4 | **2,5** |
| **Либерта** | -10,0 | -5,5 | 1,7 | 5,7 | 1,1 | 0,6 | 1,9 | 1,5 | 2,6 | 0,5 | **3,1** |
| **ИСППИ** | -7,2 | -4,0 | 2,6 | 2,7 | 1,0 | -1,5 | 3,9 | -2,5 | -1,5 | 6,6 | **3,3** |
| **Д.Чуповски** | 6,5 | -10,8 | 4,2 | 0,7 | 0,6 | 2,4 | 2,4 | -2,5 | -1,5 | -2,2 | **3,4** |

**ПРИЛОГ 3: Преглед на отстапувањата на прогнозите на агенциите за број на пратеници**

**а) преглед на проценките на агенциите за број на пратеници**

| Агенција | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НД | ЛДП | НДП | ВМРО-НП | ОМ | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДИК (Донтов)** | **53*** | **42** | **15** | **8** | **0** | **0** | **2** | **0** | **0** | **0** |
| **Брима** | 43 | 36 | 14 | 8 | 3 | 2 | 4 | 4 | 5 | 1 |
| **Д.Чуповски** | 58 | 29 | 15 | 7 | 2 | 4 | 4 | 0 | 0 | 1 |
| **ИДСЦС** | 48 | 37 | 16 | 9 | 2 | 1 | 3 | 2 | 2 | 0 |
| **ИПИС** | 52 | 34 | 14 | 8 | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 | 0 |
| **Рејтинг** | 48 | 35 | 13 | 8 | 3 | 2 | 4 | 4 | 3 | 0 |
| **П.Шатев** | 55 | 30 | 15 | 7 | 3 | 3 | 4 | 2 | 1 | 0 |
| **Либерта** | 42 | 40 | 13 | 13 | 1 | 1 | 4 | 3 | 3 | 0 |
| **ИСППИ*** | 45 | 41 | | | | | | | | |

* не се земени предвид пратениците избрани во дијаспората.

** во проценката на ИСППИ се идентификувани податоци само за коалициите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ. Институтот Прогрес не објави проценка за број на пратеници.

**б) отстапувања според пресметката по Донтовата формула**

* пресметката е применета само за остварените резултати – редот ДИК (Донтов)

| Агенција | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НД | ЛДП | НДП | ВМРО-НП | ОМ | Др. | Отсапу-вање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДИК (Донтов)** | **53** | **42** | **15** | **8** | **0** | **0** | **2** | **0** | **0** | **0** | |
| **ИДСЦС** | 5 | 5 | -1 | -1 | -2 | -1 | -1 | -2 | -2 | 0 | **2,0** |
| **ИПИС** | 1 | 8 | 1 | 0 | -2 | -2 | -2 | -2 | -2 | 0 | **2,0** |
| **П.Шатев** | -2 | 12 | 0 | 1 | -3 | -3 | -2 | -2 | -1 | 0 | **2,6** |
| **Рејтинг** | 5 | 7 | 2 | 0 | -3 | -2 | -2 | -4 | -3 | 0 | **2,8** |
| **Д.Чуповски** | -5 | 13 | 0 | 1 | -2 | -4 | -2 | 0 | 0 | -1 | **2,8** |
| **Либерта** | 11 | 2 | 2 | -5 | -1 | -1 | -2 | -3 | -3 | 0 | **3,0** |
| **Брима** | 10 | 6 | 1 | 0 | -3 | -2 | -2 | -4 | -5 | -1 | **3,4** |
| **ИСППИ*** | 8 | 1 | | | | | | | | | |